Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-708/3
__________ година
01-10-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 708/1 од 20.09.2023 година, за заштита од дискриминација поднесена од Министерство за образование и наука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за запирање на постапка**

Постапката по претставката бр. 08-708/1 од 20.09.2023 година, поднесена од Министерство за образование и наука СЕ ЗАПИРА.

О б р а з л о ж е н и е

На 20.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е доставена претставка од страна на Министерство за образование и наука со адреса на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје, заведена под бр. 08-708/1.

Подносителот на 27.10.2023 година со допис бр. 08-9792/2 од 18.10.2023 година ја извести Комисијата дека ја повлекува горенаведената претставка.

Согласно член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски